# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 15 Август 2007 година<br>Службен гласник број 15<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БРОЈ 21, ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 21/2, УРБАН МОДУЛ 1 ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 21, дел од урбан блок 21/2, урбан модул 1 во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1807/ 1
15.08.2007 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 14.08.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за донесување на ДУП за УАЕ бр.21, дел од Урбан Блок 21/2, Урбан модул "1 ", во Прилеп

**Чл.1**

**Се донесува Детален урбанистички план за УАЕ бр.21, дел од Урбан блок 21/2, Урбан модул "1" во Прилеп ,** (во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

**Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:**осовина на улицата –билевар "Маршал Тито" до пресекот со осовина на ул."Ленин"(кај противпожарна станица), потоа по осовината на ул.Ленин оди се до пресекот со улицата "Леце Котески"и по осовината на улицата Леце Котески во должина од 300м.,се прекршува кон железничката пруга,се движи по осовината на пругата кон запад во должина од околу 275м.,свртува на север каде што се преклопува со дел од западната граница на парцелата на Жито Прилеп,свртува кон исток по границата помеѓу КП 23941 и повторно свртува кон север по границата на КП ,до пресекот со Бул."Маршал Тито",каде што се затвора границата на планскиот опфат со површина од 7,04ха.

**Чл.2**

**Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:**

**-Програма** за донесување ,изменување и дополнувања на

урбанистички планови во Општина Прилеп во текот на 2004год.(Сл.гласник на Општина Прилеп бр.1/2004).

**-Нацрт План** изработен од од ДОО ” Пологпроект- Про ” од Гостивар , со техн.бр.17/04 , од Јуни 2004 год;

**-Извештај од извршена Стручна ревизија** на Нацрт Планот изготвена од ”Ин-Пума”Скопје,од Јуни 2004год.

**-Одговор по извештајот од извршената стручната ревизија** од ДОО “Пологпрокт- Про “од Гостивар ,од Јули 2004год.

-**Стручно мислење од Министерството за транспорт** и врски бр.13-9502 од 29.07.2004год.- Сектор за уредување на просторот- Скопје ;

**- Барање на мислење од МЖ,**бр.24-917/6 од 23.08.2004год**.**

**- Мислење од МЖ** бр.5139/1 од 20.09.2004год.

**-Записник од ком.за разгл.на Нацрт планови** бр.24-58/3 од 25.01.2005. -**Записник за утврдување на Нацрт план** бр.24-58/4 од 26.01.2005год.

- **Заклучок за утврдување на текст** на Нацрт план бр.24-58/5 од 27.01.2005год.

**-Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета** по Нацрт планот бр.08-114/1 од 27.01.2005 год.

**-Соопштение за организирање на јавна анкета** по Нацрт планот бр.24-58/6 од 31.01.2005г.- објавено во печатен медиум – **- Записник од стручна консултација** бр.24-58/8 од 18.02.2005год.

**-Извештај од спроведена јавна анкета** бр.24-58/9 од 21.02.2005год.

**-Известување за постапување по извештајот** бр.09-1332/2 од 09.07.2007год.

**-Согласност од Министерството за транспорт и врски** за Предлог План на ДУП за УАЕ бр21,дел од Урбан блок 21/2,Урбан модул “1”, во Прилеп, бр.16-8930 од 18.07.2007год.- издадена од МТВ- Сектор за уредување на просторот- Скопје.

**-Комплетен примерок од Предлог План** изработен од ДОО ”Пологпроект Про ” од Гостивар , техн.бр.17/2004, од Јуни 2007 год. кој содржи: **А. ОПШТ ДЕЛ**

**Б.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

-Текстуален дел

-Геодетски елаборат

-Графички прилози

-Извод од постоен ГУП М=1: 5000

- Постојна состојба-ознака и намена на објектите М=1:1000

**В.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

- Текстуален дел
- Нумерички податоци
- Графички прилози

План на намена на земјиштето и градбите М=1:1000

Регулационен план М=1:1000

План на површини за градење М=1:1000

Сообраќајна мрежа со нивелманско реш. М=1:1000

Инфраструктураа М=1:1000

Синтезен план со билансни показатели М=1:1000

**Чл.3**

Планот се заверува во рок од **8(осум)дена** од денот на донесувањето, во **7(седум) примероци**, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавната анкета и стручната консултација , со образложение за за прифатените и неприфатените забелешки,изработен од стручна комисија формирана од Градоначалникот на Општината.

**Чл.5**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди

картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

**Чл.6**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.7**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07 – 1801/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.08.2007 год. на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО – ИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МЕТАЛНИ КОНСТУКЦИИ ВО М.В. “ДОЛНО САДОВО”, ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Урбанистички план вон населено место – индустриски комплекс за производство на метални констукции во М.В. “Долно садово”, во Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1807/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.08.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 14.08.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички план вон населено место-индустриски комплекс за производство на метални конструкции во м.в.”Долно Садово”,во Општина Прилеп**

**Чл.1**

Се донесува **Урбанистички план вон населено место-индустриски комплекс за производство на метални конструкции** во м.в.”Долно Садово”на КП бр.4270,4271,4272,4273 и 4274,КО Прилеп,во Општина Прилеп, (во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

Границата на планскиот опфат оди по границите на КП бр.4270,4271,4272,4273 и 4274 се до Регионалниот пат Р-106-Прилеп-Битола,или вака определениот опфат **е со површина од 1,84ха**.

**Чл.2**

**Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:**

**1.Програма за донесување на урбанистички плнови** за 2007год.за Општина Прилеп,(Сл.гласник на Општина Прилеп бр.18/2005) .

**2.Услови за планирање на просторот**-техн.бр.26506,од Декември 2006год.-издадени од Агенцијата за планирање на просторот.

**3.Решение за услови за планирање на просторот** бр.15-5399/4 од 28.12.2006год.издадено од МЖСПП-Скопј.

**4.Нацрт План** изработен од ДООЕЛ”Стил Проект ” од Прилеп,**техн.бр.02/07** од Февруари 2007год.

**5.Извештај од извршена Стручна ревизија** на Нацрт Планот

изготвена од ДОО”Ин-Пума”-од Скопје од Февруари 2007год.

**6.Одговор на забелешките од Стручната ревизија** од изготвувачот на планот ,ДООЕЛ “Стил Проект”,техн.бр.02/07,од Февруари 2007г.

**7.Стручно мислење** од Министерството за транспорт и врски бр.17-2537 од 22.03.2007год.

**8.Одговор на забелешките од Стручното мислење** ,техн.бр.02/07 од Април 2007год.-изработен од ДООЕЛ “Стил Проект”од Прилеп.

**9.Одлука за утврдување Нацрт план** бр.07-1011/6 од 16.04.2007год.- Совет на Општина Прилеп.

**10.Одлука за организирање на јавна анкета и јавна презентација** ,по Нацрт Планот, бр.09-481/7 од 17.04.2007год.-Градонач.на Општина Прилеп.

**11.Соопштение за јавна анкета** бр.09-481/8 од 10.05.2006г.,објавено во печатен медиум.

**12.Извештај од јавната анкета и Стручна консултација** бр.09-481/10 од 12.05.2007год.

**13.Известување за постапување по извештајот** бр.09-481/12 од 13.06.2007год.

**14.Согласност на Предлог планот** ,од Министерството за транспорт и врски бр.17-7841 од 05.07.2007г.

**15.Комплетен примерок од Предлог Планот,**техн. бр.02/07,од Јуни 2007год., изработен од ДООЕЛ”Стил Проект” од Прилеп,**кој содржи:**

**А. ОПШТ ДЕЛ**

**Б.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

-Текстуален дел

- Графички прилози

- Извод од Просторен план на РМ

-Прегледна карта М= 1: 25000

- Ажурирана геодетска подлога М=1:1000

Инвентаризација на постоен градежен фонд

и постојна инфраструктура М=1:1000

**С.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

- **Текстуален дел**
- **Графички прилози**

- Планско решение за намената на земјиштето М= 1:1000
- Планско решение на површините за градба
- со регулациони и градежни линии М= 1:1000
- Планско решение за сообраќај и зеленило со
- нивелманско решение М=1:1000
- Планско решение за инфраструктура М=1:1000
- Синтезен план М= 1: 1000

**Чл.3**

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

**Чл.5**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.6**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07 – 1801/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.08.2007 год. на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО – ВАРОШ - М.В. “ПАДАРНИЦА”, НА РЕГИООНАЛНИОТ ПАТ Р – 513 НА ДЕЛНИЦА ПРИЛЕП – МАКЕДОНСКИ БРОД, ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување Нацрт на урбанистички план вон населено место – Варош - М.В. “Падарница”, на регииоoналниот пат Р – 513 на делница Прилеп – Македонски Брод, во Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1807/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.08.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 14.08.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување Нацрт на Урбанистички план вон населено место - Варош, м.в.”Падарница”,на регионалниот пат Р-513 на делница Прилеп - Македонски Брод во Општина Прилеп**

Чл.1

Се утврдува **Нацрт на Урбанистички план вон населено место-Варош,м.в.”Падарница”,на регионалниот пат Р-513,на делница Прилеп-Македонски Брод –во кој се предвидени седум градежни парцели за изградба на стопански комплекси итоа: ГП бр.1 – преработка на мермери и гранити,ГП бр.2-обработка на алуминиум,ГП бр.3-трговија на големо со прехрамбени производи,ГП бр.4-трговија на големо со сточно брашно и вештачки ѓубрива,ГП бр.5-сервис за моторни возила,ГП бр.6-трговија на градежни материјали и ГП бр.7-инфраструктурен објект-трафостаница,,**во Општина Прилеп, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Планот го опфаќа локалитетот кој се наога на регионалниот пат Р-513,на делницатаПрилеп-Македонски Брод,односно ги опфаќа КП бр.1800,1801,1802,1803,1804,1805 и 1806,сите во приватна сопственост,и вака определениот опфат е со површина од 1,72ха.

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**1.Програма** за донесување просторни и урбанистички планови за 2005год.,за Општина Прилеп.

**2. Елаборат за Услови за планирање на просторот** ,техн.бр.04505 од Мај 2005год.,изработен од Агенција за планирање на просторот-Скопје.

**3.Решение за Услови за планирање на просторот** бр.15-2447/2 од 24.05.2006год.,од Министерство за животна средина и просторно планирање од Скопје.

**4.Извештај од извршена Стручна ревизија**-техн.бр.02/07 од ДОО”Простор”од Куманово,од Јануар 2007г.

**5.Одговор по забелешките од Стручната ревизија**,од ДОО”Ин-Пума”од Скопје,од Јануар 2007год.

**6.Стручно мислење бр.19-1062 од 01.03.2007год.**,издадено од МТВ-Сектор за планирање на просторот-Скопје

**7.Одговор на Стручното мислење** од Јуни 2007год.од “Биро Плус”од Прилеп.

**8.Второ Стручно мислење бр.17-1062/3 од 06.07.2007год.,** од МТВ –Сектор за уредување на просторот-Скопје.

**9.Одговор на второто Стручно мислење** од Јули 2007год..заверено во Општина Прилеп под бр.09-272/8 од 26.07.2007год.

**10. Урбанистички план вон населено место-** Варош-м.в.”Падарница”на регионалниот пат Р-513,делница Прилеп-Македонски Брод,**за изградба на стопански комплекси -фаза НАЦРТ ПЛАН,т**ехн.бр.235/2006 од Декември 2006год. изработен од ДОО “ИН-ПУМА”од Скопје и соизработувач ДОО “Биро Плус”од Прилеп **, кој содржи:**

**А.ОПШТ ДЕЛ**

**-**Решение за регистрација на фирмата

-Овластување за изработување на урбанистички планови

- Лиценци за носители на изработување на урбанистички планнови

- Геодетски елаборат-изработен од **ДОО”ГЕОНЕТ ”од Прилеп.**

**Б.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**-Текстуален дел:**

**-Графички прилози во документациона основа:**

- Извод од Просторен план на РМ (4 )
- Ажурирана геодетска пождлога М= 1: 1000
- Синтезен приказ-намена на земјиште,сообраќајна мрежа и инфраструктура М= 1:1000

**В.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**-Текстуален дел**

**Графички прилози од планска документација:**

-План на намена на земјиштето и градбите М=1:1000

-Регулационен план М=1:1000

-План на површини за градење М=1:1000

сообраќаен и нивелациски М=1:1000

-Инфраструктурен план и ППЗ мерки М=1:1000

Чл.3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 – 1801/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.08.2007 год. на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РЕОНИЗАЦИЈА НА ЗОНИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за определување на реонизација на зони во Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1807/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.08.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 5 од Уредбата за определување на реонизација на зони на градовите и населените места во Република Македонија(,, Сл. Весник на РМ ,,бр 87/07 ) и член 36 ст.1 т. 1 од Законот за локалната самоуправа (,Сл.весник на Р.Македонија,, бр. 5/02) и чл. 26 ст.1 т.46 од Статутот на општина Прилеп ( ,,Сл. Гласник на Општина Прилеп,, бр.6/03 и 4/05год.) Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 14.08.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за определување на реонизација на зони во Општина Прилеп

Член 1

Во општина Прилеп се определуваат три зони и тоа:

**-централно подрачје;**
**-вонцентрално подрачје и**
**-населени места.**

Член 2

Централното подрачје на Прилеп го опфаќа просторот утврден со следните граници:Започнува од раскрсницата на ул„ Булевар Маршал Тито„ со ул„Димо Наредникот„ продолжува на југ по ул„Д. Наредникот„ до Градската река; завртува на исток низводно по коритото на градската река до ул. „Браќа Ламески„ ; свртува и оди по ул. „Б. Ламески„ до ул„Киро Пајмакоски„ ; завртува на исток во должина од 30 метри каде врти на север по истата улица, и доаѓа до објектот на Радио Прилеп; ја опфаќа катаст. парцела на „Радио Прилеп„ и објектот „Македонска куќа„ ; преминува преку улица „Јоска Јорданоски„ и оди до објектот на Општина Прилеп; продолжува по улица „Питу Гули„ и доаѓа до улица „Илка Присаѓанец„ ; оди по улица „И. Присаѓанка„ на запад, продолжува по ул. „Трајко Сандански„ и доаѓа до улица „Марксова„. Продолжува по улица „Марксова„ на север, до улица „Мице Козар„ ; врти на запад по ул. „М. Козар„ до улица „Рампо Левката„ ; продолжува по улица „Рампо Левката„ и оди до објектот на старото кино „11-ти октомвриг, каде завртува на запад покрај него и Домот на културата М. Цепенков„ , ја сечи улицата „Кузман Јосифоски„, продолжува по ул. „Борка Влачарот„ и доаѓа до улица ,Димо Наредникот„ каде врти на југ по ул. „Димио Наредникот„ и доаѓа до раскрсницата на Булевар „Маршал Тито и ул. „Д. Наредникот„ откаде што и започна зоната.

Член 3

Зоната на вонцентралното подрачје во градот Прилеп се наоѓа надвор од границата на централното градско подрачје,утврдено со чл. 2 од оваа Одлука.

Член 4

Населените места во општина Прилеп се наоѓаат во зона ,,населени места,,.

Член 5

Составен дел на оваа одлука е и графичкиот приказ на зоните.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,, Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07 1801/5 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.08.2007 год. — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ ПО ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РЕОНИЗАЦИЈА НА ЗОНИ ВО ОПШТИНАПРИЛЕП**

1. Заклучоците по Одлуката за определување на реонизација на зони во Општина Прилеп, се објавуваат во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1807/4-1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
15.08.2007 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп(“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 14.08.2007 година, претресувајќи ја Одлуката за определување на реонизација на зони во Општина Прилеп донесе:

**З А К Л У Ч О Ц И**
по Одлуката за определување на реонизација на зони во Општина Прилеп

1. Советот на Општина Прилеп констатира дека цените за приватизација на градежното земјиште се превисоки. Граѓаните нема да бидат во можност да ги платат овие високи цени.

2. Советот на Општина Прилеп апелира и препорачува Владата и Собранието на РМ јасно да ги дефинираат условите за приватизација, да извршат намалување на цените со изменување на законските прописи и подзаконските акти, кои ја регулираат приватизацијата на градежното земјиште, односно Уредбата за висината на надоместокот за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместокот за приватизација на градежното земјиште (“Службен весник на РМ” 87/2007) и Уредбата за определување на реонизација на зони на градовите и населените места во РМ (“Службен весник на РМ” бр.56/2005 и 87/2007).

3. Заклучоците ќе се достават до Владата и Собранието на РМ, пратениците од Општина Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4.Заклучоците ќе се објават во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 1801/5-1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.08.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМЕ НА УЛИЦА ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за определување на име на улица во Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1807/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.08.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 4 став 1 и член 5 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти (“Службен весник на РМ”бр.66/2004) и член 26 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Прилеп(“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003 и 4/2005), а во врска со член 1 став 1 од Одлуката за утврдување на Листа на имиња за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр 13/2006), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 14.08.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за определување име на улица во Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се определува име на улица, границите и означувањето на улица во Прилеп и тоа:

1.Ул.”Јусуф Јусуфоски” се најдува во М.З.”Тризла-2”,започнува од ул.”Ердован Шабаноски” односно од патот покрај касарните и оди на северозапад во должина од 170 метри;.

Член 2

Името на улицата од член 1 на оваа Одлука напишано на Македонски јазик и неговото кирилско писмо се означува на табла така што во првиот ред стои ознаката: “улица”, а во следниот ред името на улицата.

Таблата со името на улицата се поставува на почетокот и на крајот на улицата.

Член 3

Таблата се поставува на видно место на висина над 2,5 метри од тротоарот, без да се оштети или наруши естетскиот изглед на објектот на кој се поставува.

Таблата од став 1 на овој член може да се постави и на столбови на тротоари или други неизградени површини, без да се попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Член 4

Таблата со името на улицата се поставува најдоцна во рок од 3 месеци од денот на донесувањето на Одлуката за определување на името на улицата.

Член 5

На таблата освен името на улицата не смее да се пишуваат други ознаки и текстови.

Член 6

Материјалот, бојата, формата и димензијата на таблата со името на улицата, како и големината и бојата на буквите, ги пропишува Министерот за транспорт и врски.

Член 7

Поставувањето и одржувањето на таблата со име на улицата го врши Секторот за урбанизам на Општина Прилеп.

Секторот за урбанизам на Општина Прилеп врши контрола на поставената табла, а доколку таблата е оштетена, уништена или исчезната е должен веднаш или најдона во рок од 1 месец од денот на извршената контрола да обезбеди нејзино обновување.

Член 8

Забрането е поставување на табла спротивно на членовите 6 и 7 од оваа Одлука.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 1801/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.08.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОМЕНА НА ИМИЊА НА УЛИЦИ ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за промена на имиња на улици во Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1807/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.08.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 4 став 1, член 5 став 1, член 8 и член 39 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти (“Службен весник на РМ”бр.66/2004) и член 26 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Прилеп(“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003 и 4/2005), а во врска со член 1 став 1 од Одлуката за утврдување на Листа на имиња за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр 13/2006), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 14.08.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за промена на имиња на улици во Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се врши промена на имиња на улици во Прилеп и тоа:

1. Поранешна улица “Београдска” (сите куќи на улица “Београдска” до број 51 непарни и до број 56 парни) се променува во улица “Петар Ацев”.
2. Дел од поранешна “Савска”, се најдува во М.З.”Бончејца” започнува од ул.”Трајко Николоски” и оди на запад до ул.”Леце Котески”(Крушевско Џаде) во должина од 1.600 метри со трите крака, се променува во Ул.”Поп Аврамија”;
3. Дел од поранешна ул.”Савска” се најдува во М.З.”Бончејца”.Започнува од мостот на “Оревоечка Река” кај магацинот од “Центропромет” и оди на запад покрај реката во должина од 800 метри, се променува во ул.”Гога Ацев – Симоноски”.
4. Поранешна Иво Лола – Рибар, се променува во Цар Самоил
5. Поранешни Лазар Заменхоф и Самоилова се променува во Пере Тошев
6. Поранешна Пере Тошев, се променува во Димитрие Чуповски

7. Поранешна Бул.”Маршал Тито”, се променува во Булевар “Гоце Делчев”.

8. Поранешна Гоце Делчев, се променува во Тодор Паница

9.Поранешна Борис Кидриќ, се променува во Генерал Васко Карангелески

10.Поранешна Ѓорче Петров, останува Ѓорче Петров

11. Поранешна Даме Груев, останува Даме Груев

12. Поранешна “Мукос”, останува Мукос

13. Поранешна Моша Пијаде, се променува во Александар Македонски

14. Поранешна Ленин, се променува во Архиепископ Досител

15. Поранешна Авала, се променува во Лазар Заменхоф

16. Поранешна Бошко Буха, се променува во Разловечко востание

17. Поранешна Ваљевска, се променува во Кирил Пејчиновиќ

18. Поранешна Велебит, се променува во Маргара

19. Поранешна Вељко Влаховиќ, се променува во Рајко Жинзифов

20. Поранешна Војводинска, се променува во Браќа Миладиновци

21.Поранешна Врањска, се променува во Толе Паша

22.Поранешна Вуковарска, се променува во Благоја Ристиќ - Бале.

23. Поранешна Град Јајце, се променува во 2-ри Август.

24. Поранешна Динара, се променува во Јордан Грабулоски

25. Поранешна Дравска, се променува во Богомилска

26. Поранешна Дунавска, се променува во Дојранска

27. Поранешна Дрварска, се променува во Теодосие Синаидски

28. Поранешна Ѓуро Салај, се променува во Ѓорѓи Абаџиев

29. Поранешна Ѓуро Ѓаковиќ, се променува во Рампо Левката како продолжение на постојна

30.Поранешна Енгелсова, се променува во Ристо Крле

31. Поранешна Едвард Кардељ, се променува во Панко Брашнаров

32. Поранешна Жарко Зрењанин, се променува во Мирче Најденов

33.Поранешна Задарска се променува во Комитска

34. Поранешна Илија Дреноски, останува Илија Дреноски

35. Поранешна Зеленгора, се променува во Кресненско востание

36. Поранешна Златибор, се променува во Павел Шатев

37.Поранешна Ило Попадинец, во градот, се променува во Тале Христов

38.Поранешна Истарска, се променува во Никола Каранџулов

39. Поранешна Копаоник, се променува во Димитар Поп – Георгиев - Беровски

40.Поранешна Копарска, се променува во Христо Узунов

41. Поранешна Кордун, се променува во Карпошово востание

42. Поранешна Косовска, се променува во Ѓоре Спиркоски – Леништанец

43. Поранешна Козара, се променува во Кузман Шапкарев

44.Поранешна Крагуевачка, се променува во Круме Кепески

45. Поранешна Кумровец, се променува во Спиро Црне

46.Моравска, се променува во Стибера

47.Поранешна Нада Ламеска (кај Домот за стари лица, се променува во Гемиџиска

48. ул.”Нада Ламеска” кај Ортаџамија, останува Нада Ламеска

49. Поранешна Орде Чопела (во градот), се променува Во Св. Наум Охридски.

50. Поранешна Неретва, се променува во Јордан Хаџи - Константинов-Џинот

51. Поранешна Никшичка, се променува во Петар Поп-Арсов

52. Поранешна Романија, се променува во Никола Петров - Русински

53. Поранешна Сава Ковачевиќ, се променува во Св.Јован Бигорски

54. Поранешна Сутјеска, се променува во Љубен Лапе

55. Поранешна Фрушка Гора, се променува во Ножот

56. Поранешна Коста Абрашевиќ, останува “Коста Абрашевиќ

57. Поранешна Борка Талески и тоа од Плоштадот “М.Андонов-Ченто” до улицата “Битолска” од каде што и ќе продолжува улицата “Борка Талески”, се променува во Методија Шаторов – Шарло.

58. Поранешна Сремска, се променува во Сремски Фронт.

59. Поранешна Херој Карпош, останува Херој Карпош.

Член 2

Имињата на улиците од член 1 на оваа Одлука напишани на Македонски јазик и неговото кирилско писмо се означуваат на табли така што во првиот ред стои ознаката: “улица”, а во следниот ред името на улицата.

Таблата со името на улицата се поставува на почетокот и на крајот на секоја улица.

Член 3

Таблата се поставува на видно место на висина над 2,5 метри од тротоарот, без да се оштети или наруши естетскиот изглед на објектот на кој се поставува.

Таблата од став 1 на овој член може да се постави и на столбови на тротоари или други неизградени површини, без да се попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Член 4

Таблата со името на улицата се поставува најдоцна во рок од 3 месеци од денот на донесувањето на Одлуката за определување на името на улицата.

Член 5

На таблата освен името на улицата не смее да се пишуваат други ознаки и текстови.

Член 6

Материјалот, бојата, формата и димензијата на таблата со името на улицата, како и големината и бојата на буквите, ги пропишува Министерот за транспорт и врски.

Член 7

Поставувањето и одржувањето на таблата со име на улицата го врши Секторот за урбанизам на Општина Прилеп.

Секторот за урбанизам на Општина Прилеп врши контрола на поставената табла, а доколку таблата е оштетена, уништена или исчезната е должен веднаш или најдона во рок од 1 месец од денот на извршената контрола да обезбеди нејзино обновување.

Член 8

Забрането е поставување на табла спротивно на членовите 6 и 7 од оваа Одлука.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 1801/7
14.08.2007 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

# *С О Д Р Ж И Н А*
## *на “Службен гласник на Општина Прилеп” број 15 од 15.08.2007 година*

1. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 21, дел од урбан блок 21/2, урбан модул 1 во Прилеп. ........................................................................................................**Стр.1**

2. Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место – индустриски комплекс за производство на метални констукции во М.В. “Долно садово”, во Општина Прилеп. ........................................................................................................**Стр. 3**

3. Одлука за утврдување Нацрт на урбанистички план вон населено место – Варош - М.В. “Падарница”, на региоонални от пат Р – 513 на делница Прилеп – Македонски Брод, во Општина Прилеп..........................................................................................**Стр. 5**

4. Одлука за определување на реонизација на зони во Општина Прилеп. ......................................................................**Стр. 6**

5. Заклучоци по Одлуката за определување на реонизација на зони во Општина Прилеп.........................................................**Стр. 8**

6. Одлука за определување на име на улица во Прилеп. ........................................................................................................**Стр. 8**

7. Одлуката за промена на имиња на улици во Прилеп.. ........................................................................................................**Стр. 9**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.